

***Најголемиот христијански празник Воскресение Христово – Велигден во Република Македонија Католиците традиционално го слават во црквата „Пресвето срце Исусово“ во Скопје. По тој повод во саботата на 4 април 2026 година се одржа света Велигденса литургија која ја служеше бискупот скопски и епарх струмичко-скопски, монсињор д-р Киро Стојанов, во сослужение на бројни све штенослужители и Црковниот хор од Католичката црква.***

Денес Католичката црква има богато развиен верски живот, а денешната Катедрала „*П ресвето Срце Исусово*“
претставува катедрален храм и седиште на Скопската бискупија при Католичката црква. Таа е центар на црковниот живот на Католичката црква. Инаку, Скопската катедрала во 2019 година беше посетена од Светиот отец папата Франциск.

Изградбата на денешната катедрала „*Пресвето Срце Исусово*“ започна во 1975 година и

траеше 7 години, до 1982. Бискуписки водител на изградбата беше монс. Антун Циримотиќ. Посебен впечаток во катедралата денес остава витражот, кој е претставен на 12 стаклени панели, дизајнирани со ликовите на 12-те апостоли.

Инаку, Като-лич-ка-та црква во Македонија е една црк-ва со два об-реда, поради што се вика Католичка, што значи оп--шта, од-носно заед-нич-ка црква. Според тоа, като-лич-ки-те верници и хра-мови од источен об-ред во Ре-пуб-ли-ка Македонија се присутни нај-мно-гу во струмичкиот крај, од-носно, во градот Струмица, во Радово, во Но--ва Ма-ала, како и во Гев-г-елија, Богданци и Стојаково, доде-ка ка-то-ли-ци--те од рим-скиот обред се нај-бројни во Скоп-је, Битола, Охрид и во други места.

Во текот на повеќе векови, христијаните во Ма-кедонија, како и на другите блжни и далечни просто-ри исповедувале заедничка и оп-што-прифатена вера, што збо-рува дека и Православната и Католичката црква ег-зи-стираат на овие простори од тогаш до денес. Меѓу-тоа, поради различните култури, начинот на разми-слу-вање и други причини, по-дел-бата на православни и ка-толици во смисла на верска поделеност, како и во светот така и во Македонија, постои од 1054 година.

Така, во борбата за црковно ослободување од ели-нис-тичкото влијание, покрај националниот дух кај ма-ке-донскиот народ се буди и духот за црковна независност од Цариградската патријаршија. По неуспешното ба---рање сојузник во разни независни цркви, обидот за ос--ло-бодување од јурисдикцијата на Цариградската па-три--јаршија завршува со Унијата, од-нос-но соединување со Католичката црква во 1859 година

